СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 октомври 1991 година

(ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Скопје, октомври 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 24-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4.Х.1991г. I-во ПРОДОЛЖЕНИЕ**


ДНЕВЕН РЕД НА СТР. 7

ЗАКЛУЧОЦИ - 41

1. АНДОВ СТОЈАН – 38
2. АРСОВ ДРАГИ – 38
3. ДИМИТРОВА РАТКА - 33
4. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР – 24, 26
5. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 6
6. КЉУСЕВ НИКОЛА – 20, 29, 34
7. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 31
8. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 27
9. ПЕТРОВ ТОДОР – 4, 30, 33
10. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 36
11. СТАНКОВСКИ - 5
12. ТУПУРКОВСКИ ВАСИЛ - 8


крај

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од 24 седница на Собранието на Република Македонија одржана на 4 октомври 1991 година**
**(ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,20 часот,

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Да ве информирам дека ниеден од пратениците не ме извести дека отсуствуваа и од кои причини отсуствува. Според тоа , констатирам и инаку со увид на фактичката состојба, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници од Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Ние минатиот пат прекинавме во настојувањето за 24-та седница да го утврдиме дневниот ред Во меѓувреме од тогаш наваму примивме неколку иницијативи за дополнување на дневниот ред. Меѓу другите иницијативи беше и иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ и одвоено на господинот Тодор Петров да се стави на дневен ред Актуелно- политичко безбедносна ситуација на оваа 24-та седница на дневен ред. Меѓутоа, утрово добив еден друг малку измена предлог од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, кој предлага на оваа седница да имаме само една точка на дневниот ред и таа точка да се вика: "Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателство на СФРЈ од 3 октомври 1991 година".

Претседателството на Собранието го разгледа и другите предлози і/овој предлог и ви предлагам овој предлог да го усвоиме.

Значи 24-та седница да има само една точка и таа да гласи како што е овде прочитано, за да биде многу јасно лоцирана и да знаеме по што тоа ние треба да се определиме.

Сите други иницијативи заедно со предлозите од Владата, Претседателството ќе ги проучи а сите се пуштени во постапка и ќе закаже нова седница 25-та седница во склад со судбината на тие иницијативи како Владата ги претресла итн. и како тие доспеале во постапка.

Притоа, се направи еден напор, сега ние бараме една согласност од вас, да работиме како вистински, демократски избран парламент и добро организиран, со оглед на состојбите по кои сега работиме, а тоа е особено важно, а така работат и парламентите во демократските парламентарни земји на запад, се она што е неопходно да мора да оди на пленарна седница на Собранието , да бидат тие иницијативи претресувани и нивниот претрес да заврши во надлежните работни тела. А оние иницијативи кои фактички покреваат некое прашање во надлежност на извршната власт, тогаш и отстапуваме на Владата и Владата во својата надлежност да постапи со нив да донесе одлука решение и да направи некоја друга постапка, а да го извести оној кој дал иницијатива. На тој начин ќе создадеме една состојба Собранието да може да се посвети на своите основни задачи, да не биде постојано со пренатрпани дневни редови, а оние важни точки кои се само во надлежност и може да ги одлучува Собранието во Пленум да има и време и нужни подготовки да се изведат како не би биле во ситуација постојано да расправаме по некои точки и иницијативи по итна постапка.

Ова изгледа мора да го направиме од повеќе причини,а една од тие што во наредните денови Собранието треба сите свои напори да ги насочи кон донесување на Уставот на Македонија. Ете така на седница на претседателство се договоривме да ве известиме и да побараме една согласност и поддршка.

Инаку, што се однесува до оваа 24-та седница и точката на дневен ред што предлагам да. ја утврдиме, сакам да ви кажам притоа уште неколку елементи како ние сакаме да ви предложиме.

Го замоливме членот на претседателството на СФРЈ од Македонија, господинот Васил Тупурковски, тој со едно уводно излагање да се обрати овде. Тоа е најнормално, бидејќи штом вака гласи точката настаните што се случуваат меѓу групата членови на претседателството се во рамките на претседателството таму и тој е рамноправен член и тој треба овде да ни ги изложи своите погледи и да изнеси одредени констатации и предлози. Потоа, во расправата предлагам ние да предлагаме концизно излез од ставовите излез за ставовите на пратеничките групи. Ова е многу сериозна работа и ние би сакале да имаме јасни ставови од тој состав на Парламентот и, се разбира, тие индивидуални настапи се можни, не се забранети. Нормално секој си има право да настапи, па сакаме да добиеме една вистинска слика на вистинското расположение на Македонскиот парламент и вистинско расудување по овие настани. Потоа би дале пауза, а би заседавале комисиите за политички систем, за внатрешна политика, за народна одбрана, и за надворешна политика, кои би договориле начинот на изработката на документот, после расправата би се и договориле, а потоа ќе биде готов документот, пак би продолжила седницата да го утврди и да го донесе текстот на тој документ. Мислиме дека е добро на овој начин вака да постапиме овој пат за да нема ни меѓу нас, ни во јавноста никакво

двоумење околу патот на утврдување на документот, содржината ва документот и вистинските стојалишта на целиот Парламент.

Дали се согласувате со ваков начин на работа?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Бидејќи почеток е на отвораше на оваа седница со предлог за разгледуваше на безбедносната состојба во Републиката и земјата и бидејќи сеуште не знаеме колку ќе трае расправата и до кога евентуално би ја одложиле доколку настанат спорови, сметам дека приоритетна задача пред било каква расправа за безбедносната состојба во Републиката, да ја завршиме онаа обврска, која граѓаните ја утврдија на референдумот од 8-ми септември. Сметам дека на оваа седница ако се остане само на точката за расправа за актуелната безбедносна состојба во Републиката и земјата, да го ставиме и точката усвојување на Извештајот за да констатираме и јавно обнародиме резултатите од референдумот на 8-ми септември. Бидејќи расправата може да добие поинаков тек или било каков, повторно да одложиме седница и таа точка фактички да не ја обнародиме, односно објавиме преку овој Парламент. Затоа, предлагам во рамките на оваа седница која што се предлага мимо оној предложен со решението за дневен ред да биде ставена и оваа точка за Извештајот од референдумот. Во рамките на тоа јас имав предложено предлог за објавување на одлука со мои предлог заклучоци, кои исто така барам да бидат во процедура. А што се однесува до безбедносната состојба во Републиката по која што работните тела надлежни во Собранието после расправата би требало да обликуваат соодветни заклучоци и документи, сметам дека покрај еден било каков документ што ќе го објавиме во функција на безбедносната состојба во Републиката и заштитата на интересите на Републиката, стопанството, живото и имотот на граѓаните....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа е веќе материјална расправа и немојте тоа сега да го расправате, туку прекинете. Тоа е веќе што би било во расправата. Останете да ја утврдиме точката на дневен ред. Вие дадовте уште еден предлог.

**СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани присутни во врска со предлогот на претседателот на Собранието би имал и едно можеби дополнување. Имено, по вчерашните настани што се случија, посебно по соопштените од 4-те члена на претседателството на СФРЈ, мислам, барем очекував дека и Владата најверојатно синоќа заседавала, бидејќи тоа соопштение би можеле, да кажеме дека има елементи на воен односно државен удар, а бидејќи верувам дека и Владата најверојатно синоќа заседавала, па има свои мислења односно ставови по сето ова, би било незгодно и мислам дека не би имале целисходна расправа ако само пак сета работа остане на Комисиите. Овде се предлага после расправата да се состанат комисиите и да се изготви некој заеднички заклучок или предлог, а не гледам никаде Владата да биде вклучена во сето ова. Затоа мислам дека би било многу поцелисходно и мислам дека е пооправдано, дури и незгодно е од претседателот да се занемарува влијанието на Владата во разрешувањето на целокупните состојби во земјава, па би требало Владата да излезе со свои конкретни ставови предлози, па дури и да даде насоки што во оваа ситуација со нашава Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, во деловничката постапка местото на Владата е сосема јасно и тоа не го истакнувам, тие ќе учествуваат во работата и ќе обезбедат

нужна соработка со Комисијата и се надевам претседателот на Владата ќе земе збор овде исто ќе информира итн. Тоа се вообичаени работи и не е потребно посебно да се истакнуваат, нормално ги очекуваме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа# веднаш да кажам дека оваа иницијатива од Социјалдемократскиот сојуз ја прифаќаме-. Исто така, должам едно појаснување, да кажам дека и нашата партија на претходната седница покрена уште една иницијатива токму на оваа проблематика, меѓутоа, во контекстот на она што го изнесоа и претходните дискутанти сакав нешто уште да дополнам со цел да се заокружи ова прашаш.

Мислам дека Владата на Република Македонија треба да ја следи состојбата на Републиката и да го информира Собранието за сите настани што можат да ја загрозат политичко безбедносната состојба во Републиката. Сведоци сме за бурните настани што во последниве два месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате предлог Владата да учествува во расправата. Јас тоа веќе го реков дека е договорено да учествува. Молам, бидејќи не гледам некој да доаѓа на говорницата да би рекол дека не се согласува со ваков предлог на дневен ред, сега предлагам да се изјасниме за предлогот на дневен ред на 24-та седница да биде Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателството на СФРЈ од 3-ти октомври 1991 година.

Молам, кој е за нека крене рака (пратениците креваат рака)
Дали е некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)
Констатирам дека оваа точка е утврдена.

Имаме уште еден дополнителен предлог и јас морам да ви кажам дека/тоа е навистина важно, меѓутоа не предвидувавме денес било каква друга точка да внесуваме со оглед на ситуацијата што е. Инаку, ние би го гледале извештајот или не, референдумот е факт, резултатите се соопштени и ништо не му фали на референдумот. Затоа, го давам на изјаснување и предлогот на Тодор Петров.

Дали се сложувате да уврстиме уште една точка на дневен ред

Молам, внимавајте да не почнат да се редат и други точки.

Кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Кој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Значи, овој предлог ќе биде како точка два на дневниот ред од денешната седница.

Ве молам, понатаму да нема точки, инаку ќе ја расипиме седницата. Ве молам ако е така ја утврдивме и втората точка на дневен ред на денешнава седница а таа е Извештајот на комисијата за референдумот.

Според тоа, за денешната седница го утврдивме следниот дневен ред:

1. Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателството на СФРЈ од 3-ти октомври 1991 година.
2. Извештајот на Комисијата за референдумот.

Дали има некој во врска со дневниот ред да се изјасни уште за нешто? (нема)

Констатирам дека дневниот ред е утврден.

Минуваме на **точката 3** - <u>Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателството на СФРЈ од 3-ти октомври 1991 година.</u>

За збор јави членот на претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на сите ни е јасно дека во Хрватска се води општа војна дека употребата на сила е со помасовна и практично се понеселективна. Огромни се жртвите, разурнувањата се неразбирливи за секој нормален човек. Опасноста од прошируваше на боиштето, за што овде зборувавме во август месец, предвидувавме и за жал реално предвидувавме е тука, нормално, мета на тоа проширување е Босна Херцеговина и муслиманскиот елемент, со инволвирањето на Босна и Херцеговина. Воедно сите напори за обезбедување на прекинот на огнот или на постабилен прекин на огнот што би отворило можности за преговори, за потрајни мировни решенија, а понатаму и посериозни политички преговори, практично се попусти сеедно дали ги опфаќаат само субјектите од нашиот простор или и ангажманот на меѓународните фактори.

Во таа смисла за мене е сосема јасно дека е огромна одговорноста на раководствата на Србија, Хрватска и на воениот врв, за практичната ескалација на војната. Овие раководства не подлежат само на историска и на морална одговорност, тие подлежат и на кривична и на меѓународно-правна одговорност за злочините спрема своите и на другите народи, како и за загрозување на нашиот и на општиот мир.

Радикализацијата на однесувањето и целосната обременетост со екстремизам ги дисквалификува и ние тоа треба јасно да го констатираме без оглед на реперкусиите, а да видиме кој мора да биде модусот на нашето поставување во една таква ситуација.

Мировниот процес од своја страна објективно е спор, донекаде е загрозен заради непочитувањето на неговите основни принципи, политичките солуции, неупотребата на сила. Зборувам за Хашкиот мировен процес, за Хашката конференција, ми изгледа скоро евидентно дека е обременет и со разликите помеѓу европските фактори, нашите поделби овде и ескалацијата на војната ги туркаат на прв план тие поделби, наместо единството на Европската политика и притисокот врз основа на така единствено изразена европска политика. Тие разлики ние доволно можеме да ги воочиме.

Претпоставувам дека не помалку е обременет проблемот на контролата и самоконтролата на историските аспирации на традиционалните апетити во соседството спрема просторите на нашите републики, вклучувајќи ја тука и Македонија и тука се повеќе ќе ги компплицира вкупните заложби во контекстот на мировниот процес. Затоа што хаотичното распаѓање и ескалацијата на војната. некои однесувања во ова наше меѓународно заокружување од неизвесност или од самодисциплинирано и самоконтролирано може да го претвори во навистина отворено ангажирање на овие простори. Тоа би бил дополнително нов момент на опаѓање на целокупната ситуација и на безбедносен и на политички план.

Нов момент, се разбира, е ангажирањето на Обединетите Нации, иако во овој момент и тоа не дава сигурни гаранции за промена на состојбите, но јас го сметам за значаен нов и ирелевантен момент во интернационализацијата на целокупниот третман на војната и на кризата во земјата и мислам дека поради ова што безумно се случува во земјата тој може да се претвори во еден од решавачките елементи ва целокупната мировна ангажираност околу војната во Југославија.

Во земјата по карактеристична е блокадата на сите сегменти ва сојузната држава, иако дел од тоа е сосема објективно, заради трансферот

назад во суверените држави, во суверените Републики, но нашето сепак се прави на хаотичен начин што затвора некоја од перспективите за демократски расплет. Бидејќи реално постојат некои институции кои што имаат или амбиции да се прикажат, или пак навистина сеуште имаат компетенции да делуваат на целокупниот простор. Таа ја блокада ја карактеризираат две стратегии. Едната е стратегија на блокада и хаотичен расплет за да се предизвика меѓународно признаени и оттаму меѓународна интервенција во оваа војна, но и таа не го заобиколува хаотичниот распад на оваа заедница. И тоа е нејзин огромен хендикеп и затоа мислам дека не може да има оценка за валидност.

Втората стратегија за блокада на сите сегменти на оваа сојузна држава е преземањето на тие институции на власта и тогаш разврска по пат на доминација на тие институции како "бајаги" низ еден легитимен и легален процес. И едната и другата оптираат кон употреба на сила и едната и другата очигледно немаат ориентација на преговори, и едната и другата не водат сметка за интересите на останатите на оваа земја и дури ми се чини дека тоа станува и нормално, затоа што пред се не водат сметка за интересите на сопствените народи. Идната и другата се подготвени на разни притисоци и на проширување на војната и затоа ние сме сведоци на тие процеси во земјата. Не затоа што се сака обратното,туку очигледно затоа што се тежнее на еден таков расплет. За нас не е прифатлива,по мое длабоко убедување ни едната од овие погубни стратегии. Војската турната најпрво во полициски функции за кои што не беше оспособена, ниту е оспособена со армиски врв кој што очигледно има крупни и политички амбиции, отстапи од неопходниот квалитет на Југословенски субјект и со тоа навлезе во масовна употреба на сила, претворајќи се и на југословенски

субјекти и со тоа навлезе во масовна употреба на сила, претворајќи се и самата во фактор на војната.

Нејзините потези виза ви Македонија непредизвикани и неоправдани зборуваат дека нашата упорност ан конструктивен начин да ги регулираме меѓусебните односи не се почитува и со неа не се кореспондира на идентичен начин. И тоа е еден момент кој што овде исто така мора да предизвика јасна оценка не само заради тоа што е потребна или затоа. што ја нема, туку затоа што понатаму мора да се осмислат конкретни модуси на нашето поставување во една вака додатно драматизирана ситуација со партиципацијата на военииот врв во вчерашните таканаречени одлуки.

Во такви околности во септември имавме ескалација на војната, нарасна општата загрозеност, евидентен е економскиот колапс и тешко Не може сега било каков прекин да ја поремети таа катастрофална тенденција. Евидентна е упорноста во блокирањето на било какви политички иницијативи за мир или да не зборувам воопшто за поамбициозни и подолгорочни преговори за политички солуции на ова криза. И во септември, како впрочем и во целиот изминат период на оваа безумна војна во договор со нашето раководство преземав разни иницијативи, вклучувајќи и меѓународни.

Учествувајќи на седницата на претседателството на Југославија на 1 октомври се обидов уште еднаш да придонесам да се нормализира неговото работење и на тој начин да се избегнат опасностите од веќе предвидливиот понатамошен тек. Јас зборував за таа седница пред јавноста, се разбира не го потсенувам парламентот, но само една или две реченици би кажал дека, неприфајќајќи ни една од тие две стратегии за своевидна блокада на деловите што можат да функционираат и што Републиките прифатија дека се неопходни во овој некако преоден период и

режим на регулирав>е на односите помеѓу суверените републики во постојната југословенска заедница, направив уште една заложба да се нормализира тоа работеше. Блокадата на претседателството поттикната и од едната и од другата варијанта сега ги даваат своите консеквенции и тоа на драматичен начин.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:** (продолжение)

Меѓутоа, по тој основ нелегален начин, без било каква заснованост во Уставот или во Деловникот на Претседателството, четири членови ја узурпираа власта и ја докрајчија секоја перспектива за демократски расплет спрема сценариото што сакаа да го извршат.

Обидот на тој начин да се легализира делувањето на армискиот врв без било какви правни последици и без било каква шанса во формално правна и на Уставот заснована смисла да ја изведе таа постапка на легитимизација на досегашното работеше. Узурпацијата на власта на овој флагрантен начин ги дисквалификува овие членови на Претседателството и политичко државните раководства на двете републики од каде што тие потекнуваат, Србија и Црна Гора. Нивните одлики не ги признавам, тие се невалидни, субјективитетот на тоа Претседателство, такво какво што вчера се обиде да се прикаже не само на домашната, туку и на меѓународната јавност денес ќе биде отфрлено од сите клучни меѓународни фактори, вклучувајќи ги и СДД, кои што во 17,00 часот ќе го изнесат својот официјален став и кој што е потполно негативен према ова што се случи, посебно спрема димензијата на правото ваква група на членови на Претседателството да претставува било кого.

Преземените чекори од четирите членови на Претседателството, допрва ќе се покаже колку нова деструкција носат во себе, а за жал и спрема конструктивните субјекти во југословенската криза, а спрема тоа и спрема Република Македонија.

Вчерашните така наречени одлуки ;ја разгоруваат стратегијата на српското раководство кои што базира на сила и на доминација. Тоа е антинационално и антиисториска стратегија, таа е целосна антиевропска,

таа е за нас неприфатлива. Убеден сум меѓутоа, дека нивото на демократската тенденција, како светска историска, глобална ќе овозможи сите политики на сила, доминација национализам и шовинизам да претрпат историски крах, токму меѓу граѓаните на овие простори кои што во моментот суспендирајќи ги демократските процеси се еден доминантен фактор. Убеден сум апсолутно дека тоа ќе биде случајот и во Србија, каде што демократските сили, младите интелектуалните кругови овој безумен чин исто така ќе го отфрлат.

Во Македонија, како и во целиот демократски свет во Европа и во најшироката меѓународна заедница актот на ударот изведен вчера во Белград ќе доживее целосна осуда и непризнавање.

По оваа крајно деликатна ситуација, земајќи ги предвид кои се нашите витални интереси, како што се дефинирани овде во Парламентот и кои се нашите приоритетни зафати повторно врз основа на тоа што овде се заклучува со едно широко расположение меѓу граѓаните во Македонија, сакам сам да предложам неколку оценки, неколку инцијативи.

Прво, мислам дека е неспорно дека остра осуда треба да произведеме и непризнавање на делувањето на четирите членови на Претседателството, како неуставно и со тешки последици за понатамошниот развој на настаните во земјата. Тоа допрва ќе се демонстрира од денес натаму.

Мислам дека итно треба да се одржи регуларна седница на Претседателството и да се нормализира неговата работа во интерес на мировниот процес и демократската разврска, како и заради политичката контрола врз ЈНА, а не од аспект на некои претходни состојби во кои се

може да се стави во контекстот на некое нормално работење, а не како во Југославија и во републиките ништо да не се случува. Од аспект на мировниот процес, субјективитетот во земјата категории што не се менуваат преку ноќ, а зависат и од нашите партнери, а ние со нив не само што сакаме, туку е неопходно да воспоставиме една најпродуктивна возможна комуникација и тоа мислам дека се прави и од нашава Република, може би на најсоодветен начин кога ќе се компарира со другите средини тоа не е тоа толку битно, таква,.една релативна нормализација, а и заради чинот што вчера е изведен е неопходно.

Мислам дека веднаш треба да се состанат челните луѓе на републиките за да се постигне нов прекин на огинот и да се отворат конкретни разговори за расплет ва општата криза во земјата Можеби би било добро иницијативата ако е прифатлива за Парламентот, да ја даде Парламентот да побара од овие луѓе да се состанат во Македонија и да ги отворат тие конкретни разговори за расплетот на кризата, па да се види дали тоа може да отвори и некои други можности за она што инаку објективно е неизбежно, но суспендирајќи се што оди кон една таква објективизирана постапка ние можеме да тврдиме во оваа земја дека заедничкиот живот не произвел никакви последици, дека за тоа не ни се потребни најелементарни врски и односи што секако е потполно погрешно, но навистина загрозено заради однесувањата на боиштата помеѓу републиките и заради екстремизмот кој што ги преокупира дел од раководствата во земјата.

Македонија мислам дека треба да побара интензивирање во двете компоненти на интернационализацијата на кризата на Хашката Конференција и на Обединетите нации и самата да продолжи, ако е

воопшто возможно уште поинтензивно со својата конструктивна акција, а тука и спрема тие меѓународни фактори што се сега инволвирани во одреден мировен ангажман спрема Југославија.

Мислам, како клучно дека треба да се осмислат и да зајакнат сите форми на сигурноста и безбедноста на севкупниот интегритет на Македонија. Не подразбирам тука само некаква физичка безбедност на Републиката, на нејзиниот територијален интегритет, зборувам за севкупен интегритет. Мислам дека во оваа смисла има место за една повеќе слојна анализа, тука е секако присутна и меѓународната димензија на нашата безбедност и присутно е што е најважно од се, иако за тоа ќе имаме време да расправаме, подготвеноста на клучните меѓународни фактори, на клучните фактори во меѓународната заедница, врз база на проценката за конструктивноста, принципиелноста и самоопределеноста на Македонија, што е клучен чин за поставувањето спрема Македонија, да дадат гаранции за таква дополнителна квалитетна безбедност.

Мислам дека треба да се валоризира резултатот на референдумот и во формално правна смисла со брзото донесување на Уставот, никаква новина не кажувам, сите тоа го бараат, претпоставувам оние што се најангажирани, активно работаат на тој план, но посебно во оваа смисла тоа заокружување ќе даде можност да се трансформира и фактичкото во формално меѓународно признавање и доколку ние останеме лојално приврзани на мировниот процес, посебно на Хашките модалитети на тој мировен процес што би морале затоа е неопходно и кај нас едно само контрола за да не дојде до никаква проценка дека може и оваа средина да отстапи од клучните принципи на поставеноста на тој мировен процес да

дојдеме до крајниот продукт за кој што сум убеден дека ќе биде резултат на таа конференција и формалното меѓународно признание на Македонија.

Да се осмислат и спремно да се имплементираат и ако е тоа јасно нагласена платформа, ја изнесе тука претседателот Глигоров, односите и соработката и комуникацијата со сите наши соседи врз европски стандарди во сите сфери и без никакви преднасуди но спремно да се имплементираа и да се обогатуваат, да се култивираат во врски како соработка. Времето токму во една ваква историска консталација ќе покаже иднината дека е наклонето во практична смисла на таква храбра политика. Најлесно е денеска да кажеме овие се против нас, оние се похдвени да ги оживеат и најзакопаните историски аспирации, а најтешко, најхрабро, но најпродуктивно ќе биде на тоа да се парира со она што е наш реален интерес и што ќе остане реално наш интерес, односите, соработката, економската сфера, на надградбата ќе си ги следи своите корени и во политичката и во културната и во обичната граѓанска комуникација.

Мислам дека треба да се потрудиме сите во вакво историско време да влечеме вистински потези и во вистински момент дека понатамошната демократизација во Македонија, граѓанските права посебно меѓунационалните односи, нивниот квалитет, нашата оптовареност на еден или на друг начин на еден или на друг фронт со затворање, со делба во таа меѓунационална сфера да го проицираме не низ даденава ситуација, па не дури низ експликациите на политиките на разни субјекти во Македонија и околу Македонија, туку врз перспективите на она што ќе мора еден ден да произведе многу повисок степен на европеизација на нашиот живот овде во

Македонија и од таму и како гаранција за тој наш статус, неговата безбедност, нашата квалитетна меѓународна положба, во ваков еден момент кога можеби ни е најтешко да излеземе од теснотијата на политичките платформи, од теснотијата на тие поделби сега да дадеме свој придонес низ демократска постапка да ги разрешуваме овде во Парламентот, во институциите на власта во меѓусебна комуникација овие навистина деликатни прашања. Единство во смисла на одбрана, суверeноста и слободата на Македонија, а не како узурпација на плурализмот на идентитетот на политичките фактори, на политичките субјекти, мислам дека е неопходно еден мораториум на делбите, барем онолку колку што ни треба во целина да ја стабилизираме Македонија и нејзината севкупна положба, посебно меѓународната положба, а за борба за власт и по правило на играта на парламентарниот систем ќе има време и после 6 и после 7 месеци. Јас мислам дека овој е еден од круцијалните периоди. Нема да трае премногу расплетот сега ќе се случува. Во овие неколку наредни месеци нема ништо да шкоди на ниеден политички кредибилитет ако можеме некои прашања да ги решаваме заеднички. Напротив мислам дека ќе создадеме толку стабилни околности со една таква политика во еден таков мораториум, а јас би сакал тој да трае, не да биде ограничен како овие европските итн. Не узурпирајте ги повторно елементарните демократски права од кои што произлегува суштината на македонската држава да се создадат околности во кои што нејзината стабилизација ќе ни лежи на сите во срцето, а не некоја политизација или политиканство во врска со таа стабилност.

Македонија треба да сториме се да излезе од оваа криза како демократска плурална држава, како едно мултикултурно плурално

општество што е суштински и реално поврзано со светот, како една глобална држава на сите македонци, на сите нејзини граѓани, како една цивилизирана и цивилизациска заедница, јасно дистанцирана од злото на тоталитаризмот и на војната. Тие се и блиску до нас, можат да бидат и во нас, но ние треба јасно да се дистанцираме од тие категории исклучиво тие да решаваат за своите работи.

Конечно мислам дека треба да бидеме мирни, мудри во една. ваква тешка ситуација што е создадена со дополнително негативно делување од вчера, но мислам дека сосема категорично треба да ја изнесеме само својата ориентација и својата определеност на конкретен начин да демонстрираме таа определеност за да се одбрани сувереноста, слободата и правото на Македонија, на

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Му давам збор на претседателот на Владата господин Никола Кључев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, некри оценки на овој Парламент и стратегијата која што ја изградуваше Парламентот, претседателот на Републиката и Владата во однос на собитијата кои се наметнуваат, малку или повеќе се остваруваат да оние сили кои не сакаат врз принципите на мирно разрешување, врз принципите на демократски дијалог да ги решаваат нараснатите кризни проблеми во Југославија, ете се појавија на виделина. Одметници од Претседателството на Југославија наметнаа над југословенските народи опција на легализирање на воениот пуч на армијата и легализирање на војната и воените дејствија на југословенскиот простор од една страна, и суспендирање на законодавната власт во земјата од друга страна. Оттука оваа т.н. "четворна одлука", а во суштина само претставуваат два легитимни претставници на две републики Србија и Црна Гора, іа наметнаа, или сакаат да ја наметнуваат волјата на другите четири суверени држави и републики. Владата на Република Македонија ја осудува целата активност на синоќешните преземени одлуки од овие четири члена на Претседателството, па во таа смисла го има следното видување.

Прво, поаѓајќи од непризнавањето на војна а која што се наметна на југословенската територија меѓу етничките аспирации и меѓунационални крвави судрувања цени дека овој акт претставува територијална окупација

на една република од страна на Армијата, а од друга страна ги осудуваме исто така и блокадите на воените касарни во Хрватска, иако таа појава беше предизвикана од крвавите судрувања.

Второ, упатуваме повик до Врховната команда сите наши војници и офицери под итно да се вратат во татковината Македонија како оние со кои тие сеуште командуваа така упатуваме апел организирано да се пристапи кон враќање на заробените војници и офицери и оние кои што ја напуштиле Армијата. Владата ќе ги создаде нужните претпоставки да ја изврши оваа обврска. Ова од своја страна се наметне и одредени проблеми, а имено нивното вклучување во нашата Република, проблеми околу разрешувањето на фамилијарни станови, вработуваее и останати услови за живот. Сите оние кои ќе се вратат од своја страна мора да бидат со нужното почитување како синови на оваа татковина, Ова уште повеќе го нагласуваме затоа што и така Владата на Македонија стои на оној свој став да не се пуштаат понатаму регрути во Армијата.

Трето, безбедносните органи во Македонија будно да ја следат состојбата во Републиката, да создаваат нужни претпоставки за одвивање на животот и работата во овие наши нормални услови, иако ни се наметнати во услови на воени пресии.

Четврто, проблемот на резервистите од Србија кои се наоѓаат на територијата на Македонија, посебно на воените полигони за изведување на воени вежби со нејасна цел на нивното понатамошно насочување бараме под итно да ја напуштат територијата на Македонија. Нивното присуство претставува загрижување на македонски от народ и што побрзото напуштање се настанува како нужност.

Петто, Владата упатува до сите граѓани на Македонија апел да се^чуваат од секакви провокации, да се изградува одговорен однос на партиите кон овој проблем, да не се доведеме во состојба на предизвикување преку разни провокации за интервенции било на Армијата, или било на разни паравоени формации кои ни се зад границата на Македонија.

Шесто, во вакви услови да се изградуваат брзо механизмите на правниот и економскиот систем за самостојно живеење на суверена Македонија користејќи ги овие релативно мирни услови да се оствари ова брзо реагирање на изградувањето на системот. Предлагаме целосно да се сврти вниманието на Парламентот кон донесување на Уставот и во таа смисла Парламентот да не става точки на дневен ред пред да го усвои Уставот, или доколку Владата оцени неопходност од некои точки кои би требало да бидат разгледувани. Во таа смисла се бара максимална политичка рационалност во донесувањето на сите одлуки.

Седмо, Владата ќе се заложи пред меѓународните асоцијации, органи и тела,. како и владите на поодделните земји за обезбедуван>е на заштитата на територијалниот интегритет на Македонија и нејзиното меѓународно признавање. Во таа смисла ќе се обратиме до сите асоцијации и на нашите Македонци во дијаспората и во Европа во покренување на акции за поддршка на овие наши иницијативи пред владите на тие земји.

Осмо, Владата ги задолжи надлежните ресорни министерства да преземат нужни мерки и активности во согласност со новонастанатите околности.

Деветто, Парламентот да пристапи кон испитување на можностите за донесување на декларација за неутралност на Македонија и

демилитаризирање на македонското подрачје.

Десетто, да се усогласи дејноста на информативните средства во Републиката со настанатата состојба во земјата и во сообразност со политиката и ставовите на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу важни моменти се овде изложени. Ова е од седницата на Владата изложено сега и поставувам како прашање, бидејќи е сега изложено, дали не е потребна пауза прво, сето ова да се симне од стенограм и да се подели на пратеничките групи, а потоа координаторите на пратеничките групи заедно со претседателот на Владата, претседателот на Собранието, ако може и претседателот на Републиката да дојде, членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија и потпретседателот на претседателот на Републиката ако може да се договориме така да направиме една консултација, обид на еден договор како да изгледа документот што треба да го донесеме. .

Дали се прифаќа таквиот предлог? (Се прифаќа).

(Пауза).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали го прочитавте текстот на Предлог- заклучоците? (Да)

Тоа се предлог на заклучоци кои се изготвени врз основа на договорот што е постигнат на состанокот со координаторите на пратеничките групи и со учество на личностите кои ги спомнав кога дадов пауза.

Предлагам сега да расправаме само по текстот на заклучоците и тоа ако се согласувате да расправаме амандмански.

Дали се согласувате така да расправаме? (Се согласуваме)

Дали некој бара збор?

Има Збор господинот Љупчо Јакимовски.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Со сиот респект кон групата која работеше на овие заклучоци. Јас би дал забелешки кои се главно од карактер на допрецизирање на текстот.

Ако одиме амандмански во вториот пасус од првиот заклучок каде вели "Собранието во целост го осудува ударот извршен на 3 октомври 1991 година во Белград". Овде ми се чини треба да се прецизира за каков удар станува збор, бидејќи вака како стои оваа формулација е многу магловита, ударот во Белград и од страна на кој, да се каже.

Понатаму на третиот заклучок, тука јас би предложил "државниот удар што на 3 октомври 1991 година го изврши нецелосниот состав на Претседателството на СФРЈ".

Според мене третиот став од истиот заклучок можеби не треба да стои.

Понатаму во третиот заклучок каде се вели "Собранието бара веднаш да прекинат сите воени дејствија во Хрватска и целосно да се почитуваат договорите за прекин на огнот од страна на Хрватска, Србија и ЈНА. Во

спротивност Република Македонија бара од ЈНА веднаш да бидат вратени во Македонија сите војници и старешини од Републиката". Пак тука а се операционализира со терминот "веднаш", меѓутоа, тој пак е непрецизиран и неодреден. Мислам дека ова Собрание конечно веќе еднаш да даде рок и да се знае до кога. Ако прекинат, прекинат, ако не да си ги бараме назад.

Исто така и во шестиот заклучок каде вели "Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и надлежните ресорни министерства да рационализираат мерки за остварување на овие заклучоци и за тоа да го информираат Собранието на Република Македонија". И тука треба да се знае рок, кога, на наредната седница, на другата, бидејќи сепак живееме во едно крајно динамично време и настаните не газат од час во час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Амандманите што ги поднесе господинот Јакимовски ќе ги Дадеме на изјаснување.

Јас инаку мислам дека текстот е добар и да не минуваме на менување и да не си отвораме проблеми, а треба што поскоро да ги пуштиме во јавност.

Првиот амандман што го поднесе господинот Јакимовски се однесуваше на вториот став од првата точка.

Молам кој е за амандманот да крене рака. (35 пратеника)

Кој е против амандманот (11 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласањето? (28) Амандманот не е усвоен.

Минуваме на вториот амандман, амандман на точка 3 односно став 3 од точка 1 да се брише.

Кој е за овој амандман да крене рака. (74)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека амандманот е усвоен.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Во заклучокот 3 реков дека на двапати се спомнува терминот "веднаш". Вели "Собранието бара веднаш да прекинат овие воени дејствија, а во спротивно веднаш да се вратат војниците дома". Сепак тоа е едно неодредено време.

Јас предлагам да стои "Собранието бара веднаш да прекинат сите воени дејствија во Хрватска и целосно да се почитуваат договорите за прекин на огинот од страна на Србија, Хрватска и ЈНАU Во спротивно Република Македонија бара од ЈНА бара едно дополнување во смисла, до колку до 6 не прекине војната дека Република Македонија на 7-ми веќе ќе побара војниците од Македонија да се вратат во Македонија, значи после мораториумот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со мораториумот сега има некои нови вести од Хаг. Значи ако го врземе за мораториумот тогаш многу ќе се оддолжи враќањето на војниците. Може би мораториумот ќе трае уште 3 месеци, се уште за тоа не знаме ништо. Така да тоа е крајно непрецизна дата.

Го ставам на гласање овој амандман.

Молам кој е за да крене рака. (25)

Дали има некој против? (35)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас најодговорно тврдам, дали е направено грешка намерно или ненамерно, при гласањето на првиот амандман. Од ВМРО сме 35 пратеници тука и сите гласавме "за". Гласаше господинот Гошев, гласаше господинот Ќелешов, гласаа некои од ПДП и јас тврдам дека бројката што се кажа од 35 пратеници, не одговара на вистината и јас барам да се повтори гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека се повтори гласањето.

Јас мислам за се не треба да се караме, а навистина тој амандман ништо не значи. Ве молам немојте постојано повторување, постојано испитување.

Минуваме на амандманот по точка 6.

Кој е за молам да крене рака. (28)

Дали има некој против? (31)

Според тоа амандманот на точка 6, да се утврди рок, не е усвоен.

Има збор господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во однос на заклучоците за точката 3 во втората реченица предлагам почетокот "во спротивност" да се брише, а реченицата да продолжи "Република Македонија бара од ЈНА веднаш да бидат вратени во Македонија сите војници и старешини во Републиката". Овде сметам зборовите "во спротивност" не треба да стојат за тоа што не се однесува барањето за повлекување на војниците од Македонија, од Армијата само заради тоа што треба да прекинат сите воени дејствија, туку и поради

одлуката што е донесена од страна на нецелосното претседателство односно од последиците кои произлегуваат од таа одлука.

Исто така во точката 5 предлагам првата реченица да биде пополнета во вториот ред и предлагам да гласи вака: "Собранието на Република Македонија приоритетно значење му придава на итното (тука да се вметне) усвојување на законски и подзаконски акти кои се однесуваат на воениот и безбедносен аспект и одбраната нас Републиката и донесувањето на Уставот на Република Македонија (и натаму како што следи текстот)".

Сметам дека во интерес е на заштитата и безбедноста на Републиката по ваквите одлуки што ги донесе Претседателството, Собранието веднаш да пристапи кон итно усвојување на законски и подзаконски акти со кои собраниски акти ние исто така можеме да ја обезбедиме заштитата на Републиката. Сепак од тука не исклучувајќи го и Уставот. Меѓутоа, Уставот не треба да не спречува, со оглед на тоа што тој ќе уследи подоцна во еден подолг рок, па ние веднаш даб пристапиме кон донесувањето на овие законски акти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е сега едно посериозно засечување, малку концептуално од заклучоците се разликува. Дали треба за овој предлог да отвораме расправа.

Дали претседателот на Владата нешто ќе каже, или само да го третираме како амандман. (да се стави како амандман)

Кој е за предлог- амандман на точка 3. (43)

Кој е против овој предлог? (38)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Затоа јас сакав да го прашам и претседателот на Владата затоа што ова е донекаде различно од ставовите што Собранието постојано ги гради овде, да го донесеме Уставот и врз основа на него после сите тие акти да се донесуваат. Ова сега е обратен ред. Затоа сакав да го слушнеме претседателот на Владата.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници.

Уставот кој е пред донесување тргнува од самостојна и суверена македонска држава и автоматски со неговото донесување се ставаат вон сила ,сите овие закони. Што се измачуваме за една две недели што ги имаме до донесување на Уставот, сега да поставуваме прашања па да одиме на дискусии за еден, два или три закони. Со донесувањето ва Уставот вие ќе пристапиме во неговиот дух, разработка и донесување на сите нужни закони. Затоа и го предлагавме. Вие како пратеничка група не овластивте да го начиниме овој предлог и дадовме еден логичен ред, донесувањето на Уставот на Република Македонија и законите кои произлегуваат од него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на гласање амандманот на точка 5.

Молам кој е за да крене рака. (34)

Дали има некој против? (38)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Дали некој друг има уште амандман.

Има збор господинот Тодор Петров.

Нема расправа без негов амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не е тоа амандман, меѓутоа дали намерно е испуштено, затоа што Владата го имаше во предлозите, јас мислев ќе влезе во заклучоците и барам како ферма на амандмани да влезе. Имено, после точка 2 предлагам да стои "Собранието утврдува дека единиците и припадниците на активниот и резервниот состав на ЈНА и тоа надвор од Републиката Македонија кои се наоѓаат лоцирани на територијата на Републиката или на нејзин дел заради преземени мерки на припавност се должни веднаш да ја напуштат територијата на Република Македонија.

Исто така после точка 4 да стои и следниот амандман. Се задолжува Владата на Република Македонија да ги преземе, преку ресорните министерства, сите мерки и активности за заштита на интересите и субјектите на стопанството на Републиката и под итно да продолжи прописи акти и мерки за стабилизирање на стопанските текови, или ублажување на негативните влијанија од едностраните мерки на останатите републики кои прогласија самостојност и независност, заради распаѓањето на стопанскиот и политичкиот систем на досегашната СФРЈ во сите сегменти и области".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе го прашаме пак господинот претседател на Владата за овие работи. Околу овие работи мора точно да знае каде се резервистите, колку се, па кој од нив е повлечен, да контролира дали е тоа во состојба да го стори, дали треба таква обврска сега да се преземе, дали е таква ситуацијата, која е вашата оценка.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека е крајно време да престанеме со една практика која што досега беше присутна во работата во овие меѓупартиски договори, односно меѓу пратенички,те групи. Тоа беше присутно и во истапувањето на господинот Драги Арсов, бидејќи и Тодор Петров и Драги Арсов беа присутни, живи сведоци на договорот што го имавме меѓу пратеничките групи во присуство на претседателот ва Републиката, претседателот на Владата, претседателот на Собранието. Мислам дека таму беа многу јасно, децидно изложени сите овие ставови кои се сега презентирани во писмена форма и тогаш немаше никаква забелешка. Мислам дека не е вред сега наново да се доставуваат амандмани, бидејќи на тој начин се минираат тие договори што ги правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислев дека за амандманот конкретно ќе кажете нешто

Господинот Арсов бара збор, бара реплика.

Тие договори и нашата практика овде ќе покаже дали вредат, дали има смисла да се оди на договор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Сакам да го запознам Собранието, а тука ќе ги повикам и присутните на тој состанок кога ние се собравме како работна група која имаше задача низ конкретни предлози да сугерира како да дојдеме до овие заклучоци. Мислам дека овде нема да бидам._од никого оспорен, кога ние и на крајот на таа средба укажавме дека Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, која инсистираше на ова дополнување, останува до крај при формулирањето на заклучоците да се има предвид и поради тоа што овие заклучоци се понудени без тие наши предлози, јас излегов уште еднаш, не да потсетам дека работната група не ги прифатила, туку сакав преку предложениот амандман само да кажам за што се залагавме ние на оваа работна група и тој предлог не беше оспоруван од никого. Затоа, ги отфрлам таквите еднострани објаснувања на господинот Поповски и мислам дека тие не придонесуваат за меѓупратеничката соработка во однос на вакви прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако можеме ова„да го надминеме на еден ваков начин. Треба да останеме на практиката на тој метод на договарање, кој е неопходен по сите суштински прашања, а да прифатиме притоа дека таму е договорено она што после овластените, задолжените ќе го преточат во текст. Инаку, таму имаше многу предлози. И јас имав некој предлог, па еве не излезе така. Затоа, ако секој предлог што е таму даден потоа пак го оживуваме овде, тогаш навистина немаме можност да излеземе со решенија од таквите договори. Таквите договори треба да бидат преточени во довербата што ја даваме на оној што треба да го оформи текстот. Само груба грешка, груб пропуст треба да не анимира да станеме овде и да

кажеме. Инаку е многу тешко ако секој оди на договор со тоа што сака таму да го каже неговото и тоа да мора да влезе во текстот, инаку пак ќе го покрене на Собранието, тоа мислам дека ќе биде лоша практика, ќе шириме доверба меѓу пратениците во претходната фаза на договарање. Затоа, тоа да го надминеме на некој начин.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, мислам дека овие неколку реплики после последното излагање е пак еден начин и еден обид се на некој начин да се подведе под лењир. Тоа не е во интерес на демократијата, секој има право да предложи и процедурата не е долга, не е тешка. Ние потрошивме многу саати, да не речам цел ден за да дојдеме до тука, со едно гласање на било која забелешка, на било кое барање ќе се помине, ќе се премине и ова.

Имам забелешка, исто така, на честите коментари на претседателот на Собранието после секој амандман и на некој начин насочување на Собранието како да гласа. Мислам дека тоа не е потребно. Ако сме за демократија да ја почитуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас се држам во рамките на Деловникот, обрнувам внимание во кои услови се гласа и што треба да се има предвид. Во врска со гласањето се моите коментари, ништо друго, а друга работа е што навистина во Клубот на пратениците тоа ќе го направиме ќе треба вистински да се договориме каква смисла имаат договорите меѓу пратеничките групи, ако тоа истото се повторува овде. За тоа ќе треба тогаш да се договориме.

После точката 2 имаме амандман од господинот Тодор Петров, кој беше присутен таму, го ислуша и мислењето на претседателот на Владата и во формулирањето на овие заклучоци претседателот на Владата учествуваше. Според тоа, сосема е свесен претседателот на Владата што е овде напишано. Дури не би го ни прашувал овде. Господине Кљусев, или имате потреба да објасните. (Претседателот Никола Кљусев дава знаци со главата дека нема потреба). Нема потреба.

Затоа го ставам на гласање и амандманот на господинот Петров.

Кој е за, молам да крене рака. (42 пратеника креваат рака)

Дали има некој против? (37 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеника).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Одиме на наредниот амандман што го поднесе пратеникот Тодор Петров, после точката 4 треба да дојде нов став.

Тоа е еден поголем текст, господинот Петров го нема писмено приложена. Сега треба да дадеме пауза да се симне од стенограм и овде да го видиме. Мора да се знае за што гласаме. Се даваат задачи на Владата прво што морам да го прашам претседателот на Владата дали тие задачи треба така да бидат формулирани во овие заклучоци и дали тоа го прифаќа. Со овие амандмани им даваме задачи и некој треба утре да го спроведува тоа.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Некои прашања кои се значајни за нашата Република, посебно рефлексите од сето ова врз економијата спаѓаат во доменот на нормалната оперативна работа на Владата и таа веќе ги работи вие работи и нема

смисла овие заклучоци да ги оптовараме, тоа ништо не добиваме. Нема потреба сега да ви споменувам, вчера на седницата, кои работи ги изнесовме, кои се во прилог на ова што пратеникот Тодор Петров поставува. Тоа се работи врз кои ние размислуваме, донесуваме, испитуваме и ја осознаваме ситуацијата околу реперкусиите врз нашата економија и нашето стопанство.

Предлагам и мислам дека не треба сега да го оптоваруваме текстов на заклучоците со вакви амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Владата го кажа мислењето на Владата во врска со предлогот за овој амандман на господин Петров. Предлог да се гласа прилично на слепо, точниот текст го немаме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакав од оваа говорница да укажам на нешто, а тоа е бидејќи од место не оди на лента, амандманот со ова укажување на претседателот го прифаќам, меѓутоа, сакав еден коментар да дадам.

Ние ќе ги прифатиме заклучоците, меѓутоа со едно вакво наше однесување и гласање фактички не сакавме да укажеме кои се членови од која република го извршија ударот и фактички гласавме српските резервисти да си останат и понатаму тука.

(Глас на реакција од пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Апсолутно нема врска, немојте тоа.

Дали господинот Петров го повлекува амандманот после излагањето на претседателот на Владата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи тука немаме амандман.

Дали некој друг од пратениците бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам еден краток амандман на точката 1 став 2 каде што зборот "удар" е недефиниран затоа што удар може да биде од гром, од електрична струја итн.

Затоа, предлагам "Собранието во целост го осудува воено-државниот удар извршен на 3 октомври..."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нели е тоа исто? Ова е "воено- државен удар". Треба повторно да гласаме, таков е предлогот.

Дали се прифаќа да се гласа? (Да).

Кој е за, молам да крене рака. (43 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (25 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (9 пратеници).

**ГОВОРНИК ОД МЕСТО:**

Поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

48 гласа се потребни за да се усвои амандманот, а има само 43. Утврдете го вкупниот број на пратеници. Вкупниот број е 95.

**ГОВОРНИК ОД МЕСТО**

Поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Престанете, луѓе да се исцрпуваме околу ништо, навистина.

Ве молам, утврдете го вкупниот број на пратеници. Молам пратениците да не излегуваат, да седат тука.

(Стручните соработници во салата вршат пребројување на присутните пратеници).

Констатирам дека во салата се присутни 95 пратеници. За да биде усвоен амандманот, 48 пратеника треба да гласаат за, односно мнозинство од присутните.

Според тоа, амандманот не е усвоен.

Дали има уште амандмани? (нема).

Ако нема уште амандмани, утврдениот текст на заклучоците го давам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (74 пратеници креваат рака)
Дали има некој против? (4 пратеника).
Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеника).
Според тоа, констатирам дека текстот на заклучоците е усвоен.
Ќе го прочитам текстот на заклучоците.

**СЈ/СВСТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение).

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 октомври 1991 година, расправајќи за "Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателството на СФРЈ од 3 октомври 1991 година", ги донесе следните заклучоци:

1. Собранието на Република Македонија ги отфрла таканаречените одлуки на четворицата членови на Претседателството на СФРЈ како нелегални и ништовни и изјавува дека тие не предизвикуваат никакво правно дејство во Република Македонија.

Собранието во целост го осудува ударот извршен на 3 октомври 1991 година во Белград, како и било кој вид принуда во решавањето на југословенската криза.

2. Република Македонија категорично ќе ја брани својата сувереност и територијалниот интегритет, како и интересите на своите граѓани пред опасностите што ги носи проширувањето на војната од Хрватска и на другите подрачја во земјата и нелегалното делување на четворицата членови на Претседателството на СФРЈ и армискиот врв.

3. Собранието бара веднаш да прекинат сите воени дејствија во Хрватска и целосно да се почитуваат договорите за прекин на огнот од страна на Хрватска, Србија и Југословенската народна армија. Во спротивност Република Македонија бара од Југословенската народна армија веднаш да бидат вратени во Македонија сите војници и старешини од Републиката.

4. Собранието дава целосна поддршка на Европската економска заедница и Организацијата на обединетите нации во нивните напори да се

реши југословенската криза по мирен пат и бара проширување на мандатот на посматрачката мисија на ЕЕЗ и на територијата на Република Македонија.

5. Собранието на Република Македонија приоритетно значење му придава на итното донесување на Уставот на Република Македонија и законите што произлегуваат од него,.како заокружување на демократски изразената волја на граѓаните од Македонија за карактерот и положбата на Република Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

6. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и надлежните ресорни министерства да операционализираат мерки за остварување на овие заклучоци и за тоа да го информираат Собранието на Република Македонија.

7. Собранието на Република Македонија апелира до сите граѓани на Македонија да го зачуваат мирот и присебноста и да не подлегнуваат на никакви провокации што би воделе кон дестабилизација на Републиката.

8. Овие заклучоци да се достават до Претседателството на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, собранијата на републиките, Владата на Република Македонија, Европската економска заедница, Конференцијата за европска безбедност и соработка, Организацијата на обединетите нации и Хашката конференција за Југославија.

9. Овие заклучоци да се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Одиме на втората точка од дневниот ред Извештај на Републичката комисија за спроведување на референдумот за спроведувањето и резултатите од претходното изјаснување на граѓаните на референдумот одржан на 8 септември 1991 година.

Извештајот на Републичката комисија за спроведување на референдумот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Извештајот за спроведувањето и резултатот од претходното изјаснување на граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември 1991 година.

2. Собранието констатира дека резултатите од референдумот се основа за донесување на новиот устав на Република Македонија како највисок правен акт, како и за донесување на законите со кои ќе се операционализираат темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Ќе се пристапи кон изградување на нов економски и политички, правен систем со што ќе се заокружи процесот на конституирањето на Македонија како самостојна и суверена држава. Заради тоа Собранието ќе донесе уставен закон за спроведување на Уставот на Република Македонија со кој ќе се утврди динамика на донесувањето на законите.

3. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 октомври 1991 година, расправајќи за "Актуелната политичка ситуација во земјата по соопштението на групата членови на Претседателството на СФРЗ од 3 октомври 1991 година", ги донесе следните.

**З А К Л У Ч О Ц И :**

1. Собранието на Република Македонија ги отфрла таканаречените одлуки на четворицата членови на Претседателството на СФРЈ како нелегални и ништавни и изјавува дека тие не предизвикуваат никакво правно дејство во Република Македонија.

Собранието во целост го осудува ударот извршен на 3 октомври 1991 година во Белград, како и било кој вид принуда во решавањето на југословенската криза.

Собранието и јавноста од Македонија како и целиот демократски свет ја осудуваат и отфрлаат оваа неразумна опција.

2. Република Македонија категорично ќе ја брани својата сувереност и територијалниот интегритет, како и интересите на своите граѓани пред опасностите што ги носи проширувањето на војната од Хрватска и на другите подрачја во земјата и нелегалното делување на четворицата членови на Претседателството на СФРЈ и армискиот врв.

3. Собранието бара веднаш да прекинат сите воени дејствија во Хрватска и целосно да се почитуваат договорите за прекин на огнот од страна на Хрватска, Србија и Југословенската Народна Армија. Во спротивност, Република Македонија бара од Југословенската Народна Армија веднаш да бидат вратени во Македонија сите војници и старешини од Републиката.

4. Собранието дава целосна поддршка на Европската Економска Заедница и Организацијата на Обединетите Нации во нивните напори да се реши југословенската криза по мирен пат и бара проширување на мандатот на Посматрачката мисија на ЕЕЗ и на територијата на Република Македонија.

5. Собранието на Република Македонија приоритетно значење му придава на итното донесување ва Уставот ва Република Македонија и законите што произлегуваат од него, како заокружување на демократски. изразената волја на граѓаните од Македонија за карактерот и положбата на Република Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

6. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и надлежните ресорни министерства да операционализираат мерки за остварување на овие заклучоци и за тоа да го информираат Собранието на Република Македонија.

7. Собранието на Република Македонија апелира до сите граѓани на Македонија да го зачуваат мирот и присебноста и да не подлегнуваат на никакви провокации што би воделе кон дестабилизација на Републиката.

8. Овие заклучоци да се доставаат До Претседателството на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, собранијата на републиките, Владата на Република Македонија, Европската Економска Заедница, Конференцијата за европска безбедност и соработка, Организацијата на Обединетите Нации и Хашката конференција за Југославија.

9. Овие заклучоци да се објават во "Службен весник на Република Македонија".